# Не беше доста

## *Министерката за култура растеше врз цртаните филмови за мечето Ушко*

ДАРКО МАРКОВИЌ

Госпоѓо министерке, веднаш штом го добив одговорот преку нашата најбрза пошта, наречена МТВ, позната како пошта која разнесува само министерски одговори, а не објавува писма, знаев дека тој одговор не сте го пишувале вие, госпоѓо министерке, зашто, вие немате време толку брзо да реагирате. Вие сте една убава, млада и жена особа која се занимава со шетање низ светот, отворање и освојување европски врати и простори, а не да се занимава тука се некакви карикатуристи и аниматори кои го кажуваат она што народот го мисли.

Да се биде толку многу деструктивен за така кусо време и етикетирачки расположен може само високо "интелигентна" нереализирана личност, но полна со комплекси, обично заради својата грдотија, често дебелина, а најмногу алкохолизам. Таквите личности имаат одговори за вас уште пред да го напишете писмото. А задача на одговорот е да ве направат болшевик, галениче на бившиот режим, уживаат да ве скараат со вашите колеги, да го исфрлат обилниот измет врз вашиот творечки труд, да ви залепат етикети дека сте антидемократ, државен непријател број еден, а потоа да седнат, да ждригнат и да го отворат следното шише, сè до лекарската интервенција.

Ако е стратегија на македонското Министерство за култура да има такви писари тогаш ние двајца нема зошто да се допишуваме. Но, ако вие навистина сакате да разберете што ви порачувам, а нашите читатели и понатаму сакаат сериозна забава, би ви го кажал и следното:

Ако сметате дека моето писмо е најголемата поддршка што досега некој ја искажал во јавноста за работата на вашето министерство, тогаш јас сум подготвен, во тој стил и понатаму да ве "поддржувам". Би ве "поддржал" за партиската приватизација на културниот денар, би ве "поддржал" за перењето пари преку македонските културни институции и германските банки, би ве "поддржал" да го зголемите бројот на вашите телохранители зашто, очигледно, чувствувате потреба за многу од нив.

Сосема се сложувам со вас дека имате право секогаш да бидете подготвена да ја браните својата стратегија за македонската култура, но ќе се сложите дека и јас имам право патриотски да ја бранам Македониај од вашата стратегија.

Проблемот меѓу нас е, госпоѓо министерке, што во седумдесеттите, кога јас ги правев филмовите "Стоп", "Граница", "Стрелби", "Бело топче", "Каша", "Фестивал", "Рака", "Фотелја" кога војував со едноумието за слободата на личноста, за човековите права и демократијата, вие не ги гледавте моите филмови и филмовите на моите колеги, туку го гледавте "Мечето Ушко" и затоа сега мислите дека сè почнува од вас. Всушност, од вас, тука мислам на целата ваша влада, почнува засилената корупција, криминалот, сиромаштијата, духовниот тоталитаризам, разградувањето на македонската држава и владеењето на глупоста.

Тоа се работи со кои јас и мојот јунак Пецко, секојдневно се бориме, борба која вашиот писар ја наркеува "правење склекови". Тоа не ме навредува, зашто правењето склекови е здрава работа и ја одржува добрата кондиција.

Среќен сум што и македонскиот граѓанин секое утро и во неделите навечер прави склекови заедно со Пецко, одржувајќи ја снагата и здравиот ум за денот кога ќе затреба, а тој е многу блиску, госпоѓо министерке, ден кога и вашиот писар ќе може да замине на заслужено лекување.


BCS

Комплетно решение !




ТЕРМИНАЛ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА
НА РАБОТНО ВРЕМЕ И КОНТРОЛА НА ПРИСТАП
СО БЕЗКОНТАКТНИ ИЛИ МАГНЕТНИ
ИДЕНТИФИКАЦИОНИ КАРТИЧКИ

БЦС Бул. АВНОЈ 64 02 455 818 455 811